**Друштво за консалтинг и услуги**
**СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Контакт податоци
Адреса: Видое Смилевски Бато бр.37 лок. 1 Скопје
e-mail: support@scs-consalting.com
моб:

**Упатство за користење на услугите на Друштвото за консалтинг и услуги**

**„СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ – ДООЕЛ Скопје**

Ова упатство поблиску ги уредува начинот и условите на користење на услугите кои ги нуди Друштвото за консалтинг и услуги Смарт консалтинг солушнс ДООЕЛ – Скопје.

Со цел промоција на нашите услуги, информирање за постојните и нови услуги, онлајн нарачки и друго, креирана е веб страницата https://www.scs-consalting.com, а заради потребата од овозможување на пристап до нашите услуги ја создадовме веб страницата https://online.scs-consalting.com. Истовремено во нашата понуда нудиме услуги достапни преку размена на обработени податоци преку електронска пошта.

Услугите кои ги нуди Друштвото за консалтинг и услуги Смарт консалтинг солушнс ДООЕЛ – Скопје, се поделени во две основни области и тоа:

- **Консалтинг услуги за јавни набавки.**
- **Консалтинг услуги за човечки ресурси.**

## КОНСАЛТИНГ УСЛУГИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Во областа на консалтинг за **јавни набавки** опфатени се три категории на услуги и тоа:

- ***Мејл нотификации***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на услугите за следење на конкурентски цени на веб страницата www.scs-consalting.com, Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ – Скопје. Во зависност од одбраниот пакет на услуги за јавни набвки добивате основни, детални или аналитчки извештаи за настанатите промени со различно ниво на обработка на содржаните податоци. Овие иавештаи ќе ги добивате на електронската пошта која ќе ја внесете при креирањето на вашата онлајн нарачка.

Со оваа наша услуга добивате можност во секој момент да дознаете за одлучувањето на ДКЖЈН по однос на поднесени жалби по јавни набавки. Истовремено, Ви овозможуваме да во форма на аналитички извештај ги имате на увид сите податоци од базата на жалби.

- ***Жалби по јавни набавки жалби***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на услугите за жалби по јавни набавки на веб страницата www.scs-consalting.com, Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ – Скопје. Во зависност од одбраниот пакет на услуги за жалби по јавни набавки, односно дали Сте се одлучиле за пакетот **„Starter“**, **„Smart“**, **„Analytics“**, **„Public“** или пак **„Premium“** можете да добиете основни, детални или аналитчки извештаи како и увид во настанатите промени во базата на жалби. Горенаведените извештаи содржат и детално обработени податоци кои се однесуваат на жалбениот навод и жалбениот основ, како и можност за аналитички преглед во обработените податоци. Извештаите ќе ги добивате на електронската пошта која ќе ја внесете при креирањето на вашата нарачка, а увидот во базите на податоци кој што го нуди услугата од пакетите **,,Public”** или **„Premium“** ќе ви биде достапен преку корисничко име и лозинка кои ќе Ви бидат доделени од наша страна.

Услугите за жалби по јавни набваки Ви овозможуваат да располагате со податоци кои ќе ви дадат максимална сигурност за вашата издржаност да изјавите жалба за постапка за доделување на договор за јавна набавка. Овие податоци ќе Ви овозможат проверка на основот за изјавување на жалба, проверка на дозволеност, уредност, навременост и слично на вашиот жалбен навод, како и проверка преку споредба на жалбениот навод со слични жалбени наводи кои ќе бидат евидентирани во посебно креирани бази на податоци за жалби.

Евиденцијата на податоците за жалби е поделена во 3 (три) поединечни бази на жалби и тоа:

Прва е **Базата на отфрлени жалби** која Ви дава одлична можност да ги дознаете сите пропусти на економските оператори во праксата кои изјавиле жалба по јавна набавка, а нивниот жалбен навод се отфрла поради: ненадлежност, ненавременост, недозволеност, неуредност или сл. Употребната вредност на овие податоци од праксата, можете да ја искористите преку проверка со алатката за проверка на жалбен навод.

Втора база е **Базата на одбиени жалби** која Ви дава можност да ги искористите податоците за дејствијата од одбиените жалбени наводи кои се настанати како пропуст на економските оператори. Употребната вредност на овие податоци од праксата можете да ја искористите преку Алатката за предевалуациона проверка на понуда.

Трета е **Базата на уважени жаби** чии податоци се однесуваат на уважените жалби по јавни набавки. Употребната вредност на овие податоци од праксата можете да ја искористите преку проверка со Алатката за проверка на жалбен основ.

- ***Онлајн алатки***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на услугите за онлајн алатки на веб страницата www.scs-consalting.com, Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС" ДООЕЛ – Скопје. Резултатите од користењето на овие алатки ќе го добиете во електронска форма како содржина на меил адресата наведена од ваша страна.

Пристапот до овие онлајн алатки кои се содржани во понудата на Смарт консалтинг солушнс – Скопје, можете да го добиете доколку закупите претплата на пакетот **„Tools"** кој се однесува на услугите за „Онлајн алатки" или како дел од претплатата на пакетот **„Premium"** кој се однесува на услугите од категоријата „Жалби по јавни набавки". Од овие онлајн алатки 3 (три) се наменети за проверки, а додека 1 (една) е наменета за креирање. Алатките наменети за проверка овозможуваат проверка на жалбен навод, проверка на жалбен основ и предевалуациона проверка на понуда, додека алатката за креирање овозможува на брз и едноставен начин во согласност со општиот образец за изјавување жалба да креирате жалба по јавна набавка.

Горенаведените 4 (четири) типа на алатки се:

**Алатката за предевалуациона проверка на понудата** која е наменета да извршите проверка на вашата понуда пред истата да ја поднесете. Проверката на понудата може да биде направена по однос на детално презентирани законски одредби по посебни сегменти од законот, како и можете да ги искористите податоците кои ќе бидат евидентирани во Базата на одбиени жалби по основ на пропуст на економски оператор.

**Алатката за проверка на жалбен навод** ќе Ви даде можност да заштедите на непотребни трошоци за изјавување на жалба по јавна набавка во случаите кога е извесно дека жалбата може да биде отфрлена по однос на: ненавременост, неуредност, ненадлежност, недозволеност итн. Доколку ги имате на располагање законските одредби како и податоците кои ќе бидат евидентирани во базата на отфрлени жалби проверката на жалбен навод можете брзо и успешно да ја извршите.

**Алатката за проверка на жалбен основ** Ви дава можност да бидете посигурни во изборот на жалбениот основ, а преку преку понудените законски одредби од оваа

област и случаите од праксата да Ви помогне да го добиете соодветниот резултат од проверката.

**Алатката за креирање на жалба** Ви заштедува време, како и Ви нуди дополнителна можност да не направите формален пропуст во процесот на креирање на жалба по јавна набавка преку законски одредби како водилка при креирање на жалбата. Притоа, добиениот резултат на вашата имеил адреса можете да го искористите за остварување на вашето жалбено право.

## КОНСАЛТИНГ УСЛУГИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Консалтинг услуггите за **човечки ресурси с**е креирани со цел да го олеснат менаџирањето со човечките ресурси во Ваштата компанија што претсавува процес кој подразбира способност да се мотивираат вработените да го дадат најдоброто од себе при остварувањето на крајната цел на компанијата. За да се постигне ова потребно е барањата и потребите на вработните да бидат задоволени на едно оптимално ниво. Низ овој не така едноставен процес, секој менаџер и секоја организација се соочува со низа состојби кои бараат брзи, ефикасни и ефективни решенија.

Во областа консалтинг за човечки ресурси содржани се 3 (три) вида на онлајн услуги:

- ***Онлајн алатки за креирање***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на онлајн алатките на веб страницата www.scs-consalting.com, Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ – Скопје..

Со користењето на овие услуги преку претплата на нашиот основен пакет, односно **“Starer”**, добивате пристап и можност за користење на специјално дизајнирани онлајн алатки за креирање на документи и продукти, согласно вашите потреби. Резултатот од користењето на овие алатки ќе го добиете во електронска форма како содржина на меил адресата наведена од ваша страна, а истиот можете да го искористите за потребите на вашата компанија.

Онлајн алатките за креирање во делот на човечките ресурси се вкупно 3 (три) и тоа:

**Друштво за консалтинг и услуги**
**СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Контакт податоци
Адреса: Видое Смилевски Бато бр.37 лок. 1 Скопје
e-mail: support@scs-consalting.com
моб:

**Алатката за креирање опис на работно место,** која дава можност да го креирате описот на работното место согласно потребите на Вашата команија преку следење на 3 (три) едноставни чекори:

1. Внесување или избор на општите податоци за работното место, односно назив, шифра (доколку истото содржи), ниво, податоци за образование односно нивото и видот, познавање на странски јазици, дополнителни квалификации и работно искуство.

2. Дефинирање на целта на работното место како и работните задачи кое истото ќе ги извршува.

3. Внесување на информации за работното место кои се однесуваат на: плата, одговороност, работната средина, патувања или теренска работа, работно време и дополнителните работни задачи.

**Алатката за креириање на организациска структура** овозможува создавање на документ кој ќе ги содржи сите основни и детални податоци за компанијата. Креирањето на организациската структура се одвива во 4 (четири) едноставни чекори:

1. Внесување на општи податоци за компанијата (назив, седиште, ЕДБ, дејност, шифра на дејност).

2. Дефинирање на видот на организациската форма, односно форма на трговското друштво и форма на управување на компанијата.

3. Утврдување на внатрешната организација на компанијата од аспект на видот и бројот на организационите единици, вкупен број на предвидени работни места, вкупен број на вработени.

4. Креирањето на организцискaта структура завршува со дефинирање на деталниот опис на организационите единици.

**Алатката за креирање на онлајн досие на вработениот** овозможува преку следење на 4 (четири) едноставни и брзи чекори сортирање на сите потребни податоци поврзани со еден вработен во Вашата компанија на едно место во електронска форма, како и можност за прикачување и чување на сите документи за кои сметате дека има потреба да бидат дел од неговото досие. Оваа алатка се состои од следните чекори:

1. Внесување на општите податоци за вработениот (име и презиме, датум на раѓање, пол, брачен статус, деца, адреса, и податоци за контакт).

2. Внесување или избор на информациите за неговите стручни квалификации, дополнителните квалификации како и информации за неговото работно искуство.

3. Внесување на информациите за работното место на вработениот, областа во која работи, целта, работните задачи, датумот на започнување на работа на работното место.

4. Прикачување на дополнителни документи поврзани со вработениот доколку има потреба од истите како последен чекор.

- ***Прашалници, евалуации и мерења***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на овие услуги на веб страницата www.scs-consalting.com Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ – Скопје.

Овие прашалници, евалуации и мерења, се предвидени во пакетот **„Result“ кој претставува надраден пакет на пактетот “Starer”**. Овој пакет на услуги е дизајниран за специфичните потреби на компаниите од подигнување на оргаизациската свест и култура. Имено, покрај основните услуги од пакетот **Starter**, овие дополнителни услуги се дизајнирани за потребите на компаниите чија организациска свест е ориентирана кон човечките ресурси и подгнувањето на нивото на продуктивност и успешност на истите. Резултатот од користењето на овие услуги ќе го добиете во електронска форма како содржина на емаил адресата наведена од ваша страна.

Во овој пакет е надополнет со за 7 (седум) нови услуги и тоа:

**Анализата на работно место** која Ви овозможува преку следење на неколку дефинирани чекори да дојдете до заклучок за тоа колку конкретното работно место кое е предмет на проверка ги исполнува очекувањата за кои е креирано.

Анализата на работно место се состои од 4 (четири) чекори и тоа:

1. Внесување на општите податоци за работното место како назив, ниво, област и организациона единица.

2. Дополнување на општите со детални податоци поврзани со работното место, преку дефинирање на целите и работните задачи и детали околу работното време како и платата.

3. Проверка на корисноста преку параметри како: ниво на извршување на работните задачи, ефективни работни часови како и учеството на работното место во финалниот продукт.

4. Изведување на заклучок околу корисноста на работното место преку комбинација од повеќе резултати.

**Прашалникот за мерење на задоволството на вработените** Ви нуди можност за проверка на општото задоволство кај вработените кое е од исклучителна важност за достигнување и одржување на високо ниво на мотивираност, посветеност и пожртвуваност во извршувањето на работните задачи. Пополнувањето на овој прашалник се одвива во повеќе делови. Првиот дел се однесува на општите податоци за работното место. Вториот дел се однесува на работата и задоволството од истата. Третиот дел се однесува на нивото на комуникацијата и споделувањето информации внатре во организацијата. Четвртиот дел се однесува на можноста за развој и напредок во компанијата. Петиот дел се однесува на мисијата на компанијата, додека пак шестиот дел се однесува на бенефитите кои компанијата ги овозможува за вработените. Последниот дел се однесува на „респектот“, односно нивото на почит што компанијата го има кон вработените.

**Прашалникот за задржување на вработениот на работното место** наоѓа најголема примена во команиите каде што е видливо одредено незадоволство особено кај квалитетниот кадар и постои можност за негово заминување.

**Онлајн апликацијата за вработување** овозможува аплицирање на потенцијалните кандидати за вработување по електронски пат преку внес на сите неопходни податоци и прикачување на сите потребни документи неопходни за да биде извршен вистинискиот избор на најкомпетентниот кандидат за конкретното работно место. Самиот процес на аплицирање се одвива во неколку делови. Во првиот дел од апликацијата се внесуваат општите податоци за кандидтатот. Вториот дел ги содржи податоците за стручните квалификации на кандидатот. Во третиот дел кандидатот ги внесува информациите за дополнителните квалификации кои ги поседува (доколку ги поседува). Четвртиот дел се однесува на податоците поврзани со претходното работно искуство на кандидтатот. Во последниот дел апликацијата му нуди можност на кандитатот да го прикачи своето CV, мотивациско писмо, како и дополнителни документи доколку има потреба од истите.

**Годишната евалуација на перформансите на вработениот** е насочена кон вработените со кои оценувачот раководи и истата секогаш е проследена со можност за дефинирање на евентуални мерки за подобрување на перформансите на вработените, како и одредување на целите кои треба да бидат достигнати во наредниот период.

**Самоевалуацијата** му овозможува на вработениот периодична проверка на сопственото извршување на работните задачи, односно самопроверка на нивото на квалитет, стручност и експедитивност во обавувањето на истите.

**Оценување 360 степени фидбек** нуди можност за меѓусебна проверка на перформансите во работењето помеѓу членовите на еден тим и тоа од различни хиерархиски нивоа, а истовремено нуди можност и за самоевалуација.

- ***Анализи и извештаи***

По комплетирањето на успешно креираната онлајн нарачка на овие услуги на веб страницата www.scs-consalting.com Вие се согласувате со **Општите услови за користење на услугите** на давателот Друштвото за консалтинг и услуги „СМАРТ КОНСАЛТИНГ СОЛУШНС“ ДООЕЛ – Скопје.

Анализите и извештаите се дел од последниот пакет од понудата за човечки ресурси наречен **„Premium“** и во него е содржана целокупната понуда од пакетот **„Result“,** а неговата дополнителна вредност е изразена во можноста за доставување на анализи во форма на онлајн извештаи од генерираните резултати произлезени од користењето на формите од пакетот бр. 2 односно **“Result”.**
Резултатот од коирстењето на овие услуги ќе го добиете во електронска форма како содржина на емаил адресата наведена од Ваша страна.